АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

12.03.2025 год.

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
Бр. 03-1620/8
12-03-2025 201__ год.
СКОПЈЕ

**Достава на Нормативни и други акти од 11-ти редовен состанок на Одбор на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје**

Во прилог на овој допис, ви доставуваме акти од 11-от редовен состанок на Одбор на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје одржан на 10 март 2025 година.

**Акти во оригинал:**

1. Правилник за измена на Правилникот за начинот на постапување на органите и службите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје при вршење на јавните набавки бр.02-2351/6 од 11.04.2023 година, бр.02-1549/3 од 10.03.2025 година и Заклучок бр.02-1549/2-1 од 10.03.2025 година

**Доставено до**
**Одделение за јавни набавки**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | сите | 10.03.2025 | Одлука за употреба | Вера Пејовска | Елена Дранговска | Филип Петрушевски | Наташа Илиоска |
| **Број на промена** | **Страна** | **Датум** | **Опис на промената** | **Изработил** | **Проверил** | **Контролирал** | **Одобрил** |

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 14 од Статутот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје (пречистен текст), а во врска со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019, 87/21, 14/25 ), Одборот на директори на Акционерското друштво на својот 11-ти редовен состанок одржан на 10.03.2025 година донесе

**Правилник за измена на Правилникот за начинот на постапување на органите и службите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје при вршење на јавните набавки бр.02-2351/6 од 11.04.2023 година**

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на постапување на органите и службите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје при вршење на јавните набавки бр.02-2351/6 од 11.04.2023 година, во делот IV "ОДГОВОРНИ ЛИЦА, СЕКТОРИ И КОМИСИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПОДГОТОВКАТА И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ/РАМКОВНИТЕ СПОГОДБИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ КАКО И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРИТЕ/РАМКОВНИТЕ СПОГОДБИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ" во ставот 3 зборовите во заградата и заградата "(се однесува исключиво за договорите за јавни набавки кои што се објавуваат секоја година, како што се на пр. осигурување, средства за хигиена, пијалоци за бифе и сл.) се бришат.

**Член 2**

Во делот VI. " БАРАЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА" во ставот 9 по точката се додава текстот: "Секторот за финансии, информатика и комерција го потпишува Барањето за спроведување на јавна набавка од делокругот на своето работење."

**Член 3**

Во точка VI.1 "Барање за доделување Договор за јавни набавки (во зависност од видот на постапката), задолжително треба да содржи:", точката 14 "предлог на членови во Комисијата за конкретната јавна набавка" се брише.

Точките 15, 16, 17 и 18 стануваат 14, 15, 16 и 17.

Барањето за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка кое е составен дел кон процедурата VI.1 Прилог 1 се заменува со нов образец - Барање за доделување Договор за јавна набавка кој е прилог на Правилникот.

**Член 4**

Во точка VI.2 "Одлука за јавна набавка" ставот 5 се менува и гласи:

"Со Одлуката за јавна набавка се назначува составот на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно."

**Член 5**

Во делот VII "НАДЛЕЖНОСТИ И ОБВРСКИ НА КОМИСИИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ Комисија за јавни набавки", ставот 4 се менува и гласи:

"Комисијата/Комисиите со решение ги формира Генералниот директор. Комисијата/Комисиите се составени од непарен број членови, а содржи и нивни заменици."

**Член 6**

Во точка VII.9 "Изготвување на Одлука за избор на најповолна понуда или Одлука за поништување на постапката" ставот 2 се менува и гласи:

"Изготвената одлука, претходно парафирана, контролирана и одобрена од Одделението, преку интерна книга на одобрување се доставува до: Помошник Директор на секторот барател и Генералниот директор."

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број 02-1549/3**
**Скопје, 10.03.2025 година**

**Одбор на Директори**
**Претседател**
**Дени Милевски**

Изработил:
В.Пејовска
Контролирал:
Ф.Петрушевски
Одобрил:
Н.Илиоска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

При реализација на Правилникот за начинот на постапување на органите и службите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје бр.02-2351/6 од 11.04.2023 година донесен од Одборот на директори, се утврди дека е потребно да се направат определени измени.

Во делот IV "ОДГОВОРНИ ЛИЦА, СЕКТОРИ И КОМИСИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ПОДГОТОВКАТА И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ/РАМКОВНИТЕ СПОГОДБИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ КАКО И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОРИТЕ/РАМКОВНИТЕ СПОГОДБИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ" во ставот 3 зборовите во заградата и заградата "(се однесува исклучиво за договорите за јавни набавки кои што се објавуваат секоја година, како што се на пр.осигурување, средства за хигиена, пијалоци за бифе и сл.) се бришат.

Во делот VI. " БАРАЊЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА" во ставот 9 по точката се додава текстот: "Секторот за финансии, информатика и комерција го потпишува Барањето за спроведување на јавна набавка од делокругот на своето работење."

Во точка VI.1 Барање за доделување Договор за јавни набавки (во зависност од видот на постапката), задолжително треба да содржи, точката 14 "предлог на членови во Комисијата за конкретната јавна набавка" да се брише. Барањето за потреба и отпочнување на постапка за доделување на договор за јавна набавка кое е составен дел кон процедурата VI.1 Прилог 1 се заменува со нов образец - Барање за спроведување на постапка за јавна набавка на "_______________") кој е прилог на Правилникот.

Во точка VI.2 Одлука за јавна набавка ставот 5 се менува и гласи: "Со Одлуката за јавна набавка се назначува составот на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно."

Во делот VII – НАДЛЕЖНОСТИ И ОБВРСКИ НА КОМИСИИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ Комисија за јавни набавки, ставот 4 се менува и гласи: "Комисијата/Комисиите со решение ги формира Генералниот директор. Комисијата/Комисиите се составени од непарен број членови, а содржи и нивни заменици."

Во точка VII.9 "Изготвување на Одлука за избор на најповолна понуда или Одлука за поништување на постапката" ставот 2 се менува и гласи:

"Изготвената одлука, претходно парафирана, контролирана и одобрена од Одделението, преку интерна книга на одобрување се доставува до: Помошник Директор на секторот барател и Генералниот директор."

Врз основа на горенаведеното Одборот на директори го донесе Правилникот за измена на Правилникот за начинот на постапување на органите и службите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката–Скопје.

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

## ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 27 од Статутот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (пречистен текст), Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје на својот **11-ти редовен состанок** одржан на **10 март 2025 година**, донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Се задолжуваат стручните служби на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да изготват пречистен текст на Правилникот за начинот на постапување на органите и службите на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје при вршење на јавните набавки.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр.02-1549/2-1**
**Скопје, 10.03.2025 година**

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Дени Милевски**

Изготвил:
В.Пејовска______
Контролирал:
Ф.Петрушевски______
Одобрил:
Н.Илиоска______

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА–СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, 1000 Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111–387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| | | |

Сектор за ________________________
(барател на јавната набавка)

**ПРЕДМЕТ:** Барање за спроведување на постапка за јавна набавка на “____________”

**VI.1** Барањето за доделување Договор за јавна набавка (во зависност од видот на постапката), задолжително треба да содржи:

1. **Предмет на договорот за јавна набавка:**

2. **Вид на набавката (стоки, услуги, работи) и место на испорака, извршување, локација и количини:**

3. **Вид на постапка за јавна набавка (набавка од мала вредност / поедноставена отворена отворена / отворена постапка):**

4. **Образложение на потребата од набавката со подетален опис на предметот на јавната набавка:**
(Образложение за потребата од конкретниот вид и тип на набавка во контекст на функциите што ги извршува договорниот орган и реалната потреба од набавката. Се препорачува образложениeто да е конкретно и поткрепено со соодветни докази, во зависност од предметната набавка).

5. **Образложение за неделивост на набавката (доколку е неделива):**

6. **Деливост на набавката (со опис и износ на средства на секој од деловите на предметната набавка поединечно)–се однесува исклучиво за набавките кои се деливи:**

7. **Износ на средствата (во денари, без вклучен ДДВ, износ на ДДВ и со вклучен ДДВ) потребни за доделување на предметниот договор за јавна набавка:**

8. **Извор на средства, податоци за набавката содржани во Годишниот план за јавни набавки (глава и реден број):**

9. **Начин и рок на плаќање:**

10. **Времетраење на договорот за јавна набавка:**

11. **Начин, рок и услови на извршување на договорот за јавна набавка:**

12. **Податоци за техничката понуда (што треба да содржи техничката понуда):**

13. **Предлог за ангажирање на стручни лица од Акционерското друштво и/или надворешни стручни лица, доколку е потребно и лице за контакт со економските оператори (увид во техничка документација):**

14. **Предлог услови за квалитативен избор (*особено во делот на техничката и професионална способност,*** *а при што истите да се опционални, а мора да бидат сразмерни, логички, односно директно поврзани со предметот на јавната набавка*), како и **потребните стандарди за системи за квалитет и стандарди за животна средина**, а согласно видот на постапката, како и да ја наведе потребата од **специфични барања, услови, коишто кореспондираат со законската регулатива која ја уредува областа на предметот на јавната набавка (лиценци, одобренија и сл.):**

- *Сите останати елементи кои треба да ги содржи тендерската документација (општоприменливите прописи и останати административно информативни елементи на постапката за предметната јавна набавка), а поврзани со одредбите од Законот за јавните набавки ги предлага и изготвува Одделението за јавни набавки.*

15. **Критериум за избор на најповолна понуда (доколку критериумот за избор на најповолна понуда е економски најповолна понуда–најдобар однос помеѓу цената и квалитетот да се наведат елементите и начинот (методологијата) на бодување на елементот квалитет.**

❖ *Напомена: кај постапките за јавни набавки на услуги за изработка на софтвер, архитектонски и инженерски услуги, услуги за превод и консултантски услуги, како и набавка на одредени стоки или услуги за кои цената е пропишана со закон или друг пропис - ќе се користи критериумот: економски најповолна понуда - најдобар однос помеѓу цената и квалитетот.*

**16. Информација во врска со задолжителните одредби кои треба да ги содржи Договорот за јавна набавка, согласно потребите на конкретната набавка:**

**17. *Напомена: Во барањето барателот на јавната набавка потребно е да наведе дали договорот за јавна набавка ќе се солемнизира или не.**

**ПРИЛОГ: Техничка спецификација**

- *(во прилог на барањето задолжително се доставува потпишана техничка спецификација (на секоја страница) од лицата кои ја изработиле или во случај на применување на конкуретниот дијалог или постапка на преговарање, описна документација, изработени согласно законот, или Предмер кој е одобрен од проектантот).*

(Сектор барател)
Изработил: ____________
Контролирал: ____________
Одобрил, Пом. Директор: ____________

**Сектор за финансии, информатика и комерција**
Одобрил,
Пом. Директор: ____________

**Генерален директор**
**м-р Марјан Стефановски**

____________________

Доставено до:
- **Кабинет на Генерален директор**
- **Одделение за јавни набавки;**
- **Сектор за правни и општи работи**
- **Сектор за финансии, информатика и комерција**
- **Архива**